ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# Апстракт од конечен ревизорски извештај

**Клучни субјекти опфатени со ревизорскиот извештај:**
Алијанса за Албанците и Алтернатива за изборна кампања 2021 година.

**Предмет на ревизија:**
Вкупен финансиски извештај со спецификација на трошоците за приходите и расходите во изборна кампања, заедно со ревизија на усогласеност.

**Цел на ревизијата:**
Дали финансискиот извештај е ослободен од материјално погрешни прикажувања и дали активностите, финансиските трансакции и информациите во истите се во согласност со законската регулатива.

резе

**Клучни утврдени состојби:**
Дел од пропишаните извештаи не се доставени до надлежните институции во законски утврдените рокови; вршењето на платниот промет со асигнација не е реализирано преку трансакциската сметка на учесникот во изборната кампања и исплатени се средства во повисок износ поради несоодветна примена на одредби од склучениот договор и утврдениот ценовник.

**Издадено мислење/заклучок*:**

Изразивме мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансискиот извештај и неповолно мислење за усогласеноста со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.

**Клучни препораки:**

Политичката партија носител на коалицијата во соработка со ДИК да преземе мерки за поврат на повеќе исплатени средства во Буџетот на Република Северна Македонија.

**Клучни системски слабости:**
Преиспитување/уредување на регулативата за:
- финансирање на изборите со средствата од Буџетот наменети за редовното работење;
- пропишување на мерливи критериуми за обезбедување и распределба на средствата од Буџетот наменети за платено политичко рекламирање;
- утврдениот краен рок за уплата на донации, односно потребно е да се утврди донациите да се уплатуваат најдоцна до денот на завршување на изборната кампања.

**Добиени забелешки на нацрт Извештај:**

Не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

**Одговор на добиени забелешки:**

/

* позитивно, со резерва, неповолно, воздржување



INTERCERT system certification ISO 9001: 2015 CERTIFIED Q-025/2018